Врз основа на член 10 став 1 и став 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година) и Деловникот за изменување на Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-2949/1 од 30.05.2019 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 24-та седница одржана на 05.06.2019 година, во врска со Предлогот бр.03-264 од 16.05.2019 година за изрекување мерка јавна опомена на Радиодифузно трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп поради прекршување на член 15 став 5 од Закон за медиуми, го донесе следниот:

# ЗАКЛУЧОК

1. Советот на Агенцијата, по усниот предлог на директорот на Агенцијата и Стручната служба дадени на 24-та седница врз основа на аргументите изнесени во Писменото изјаснување од Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп бр.03-264/1 од 29.05.2019 година, заклучи да не го прифати Предлогот бр.03-264 од 16.05.2019 година и да не му изрече мерка јавна опомена на Радиодифузно трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп поради прекршување на член 15 став 5 од Законот за медиуми.

2. Секторот за програмски работи да изработи коригиран Извештај за извршен административен надзор на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, врз основа на прифатените аргументи изнесени во Писменото изјаснување од Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп бр.03-264/1 од 29.05.2019 година.

3. Во случај кога од моментот на доставување на предлог до Советот на Агенцијата до одржување на седница настанат околности поради кои треба да се достави предлог, спротивен на првично доставениот, мислењето да се достави до Советот на Агенцијата во писмена форма.

4. Се задолжува Секторот за поддршка на работата на Директорот и на Советот, коригираниот извештај да го објави на веб страницата на Агенцијата.

5. Примерок од Заклучокот да се достави до:
   - Раководителите на сите сектори во Агенцијата,
   - Назначено лице од Агенцијата, за водење на предмети по управна постапка,
   - Одделение за поддршка на работата на Советот на Агенцијата,
   - Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива на Агенцијата.

Бр.02-2973/5

05.06 2019 година
Скопје

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
Претседател на Советот

Лазо ПЕТРУШЕВСКИ